<table>
<tr><td colspan="5">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td>ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="5">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Наставно подрачје/тема – Литература , изразување и творење</td></tr>
<tr><td>содржини и поими</td><td>стандарди за оценување</td><td>час и датум</td><td>Сценарио за час</td><td>средства</td><td>следење на напредокот</td></tr>
<tr><td>Анализа на литературни текстови<br><br>(тема, настан, лик, време, место)</td><td>Одредува настани и нивен редослед во прочитан литературен текст.<br><br>Го препознава почетокот, средишниот дел и крајот на приказната.</td><td>171</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>На таблата се залепени картички со слика. Учениците именуваат што гледаат на картичката, а потоа се искажуваат на која буква започнува зборот.<br>Ја запишуваат првата буква под картичката.<br>Сладолед круша, авион, зајак, носорог, ананас<br>С К А З Н А<br>зебра ајкула<br>З А<br>маче елка дрво облак топка<br>М Е Д О Т<br>Го откриваат насловот на текстот.„Сказна за медот“.<br>Главен дел – искуствено учење<br>Учениците следат изразно читање на текстот„ Сказна за медот“.(учебник стр. 139) Одговараат на поставени прашања во врска со содржината:<br>• Зошто пчелата во далечното минато не собирала мед?<br>• Што му велела на ранобудното кокиче?<br>• Кого будела со своите нежни крилца?<br>• Што им рекла кралицата Пролет на цветовите и дрвјата?<br>• На кој начин и возвратиле за нејзината љубов и внимание?<br>Учениците го читаат текстот, а при читањето се определува воведен, главен и завршен дел (почеток,</td><td>Картички со слики подготвени од наставник<br><br>Учебник<br><br>Тетратка<br><br>Компјутер<br><br>Видеобим</td><td>Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања поврзани со содржината на текстот<br><br>Одредува редослед на настани во текстот<br><br>Препознава почеток, средишен дел и крај на текст</td></tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | средина и крај на текстот).<br>Низ насочени прашања учениците се искажуваат за содржината на делот кој го читаат-Што се случило на почетокот /средината/ крајот од текстот.<br>Учениците запишуваат по една реченица за секој прочитан дел<br>1. Пчелата со љубов го буди кокичето.<br>2. Кралицата Пролет ги советува дрвјата и цветовите.<br>3. Пчелата прави чудесен мед.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците следат триминутно видео од долгометражен цртан филм „ Bee movie“ каде на интересен начин е прикажано опрашувањето на цветовите од пчелките и собирањето на нектар од цвеќињата. Учениците воочуваат како младата пчелка за првпат излегува од кошницата и ја започнува својата авантура -учи од повозрасните пчели.<br>https://www.youtube.com/watch?v=oNWAiWBup2Q<br><br>Учениците извлекуваат заклучок за важноста на пчелите во процесот на опрашување на растенијата.<br>(**Меѓупредметна интеграција** со природни науки, Тема-растенија што цветаат - Го поврзува изгледот на деловите на растението со нивната улога).<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување) | звучници | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

# СКАЗНА ЗА ПЧЕЛАТА

Во некои далечни времиња, толку одамна, та не се знае кога, пчелата не собирала мед како денес, туку само се вљубувала во секој цвет.

Уште во рана пролет, кога ќе се појавело кокичето, таа радосно летнувала кон него.

– Ох, колку те сакам... Толку чекав да се појавиш... – му шепотела нежно будејќи го уште понежно со крилцата.

Потоа ќе го видела цветот на дренот, па летнувала кон неговите гранки. И него почнувала нежно да го буди. Не ги заборавала кукурекот, јагликата, зумбулот...

Слетувала на секој цвет и се вљубувала во него.

– Ова чудно суштество има најнежно срце. Ниеден инсект не е како неа – им рекла кралицата Пролет на цветовите и дрвјата. – Толку ве сака што на љубовта морате со љубов да ѝ возвратите...

Така и било. Пчелата продолжила со иста љубов да му приоѓа на секој цвет. Слетувала да ги разбудува и да ги опрашува. Тие ја поеле со својот чуден сок, кој добил име – мед.

Таа љубов сè уште трае.

Горјан Петревски

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Наставно подрачје/тема – Слушање и зборување</td></tr>
<tr><td>содржини и поими</td><td>стандарди за оценување</td><td>час и датум</td><td>Сценарио за час</td><td>средства</td><td>следење на напредокот</td></tr>
<tr><td>Водење разговор<br><br>(тема на разговор, разговор, дијалог, говорник, соговорник</td><td>Започнува разговор на дадена тема (кажува што мисли и/или поставува прашање).<br><br>Се вклучува во започнат разговор со еден или повеќе соговорници (искажува согласување/не согласување и/или поставува прашање/ одговара на прашање).</td><td>172</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>Учениците се поделени во 5-6 групи (според бројот на ученици во паралелката). Секоја група извлекува картичка на која со големи букви е напишан еден збор. Учениците разговараат за поимот, се договоараат како да го презентираат со невербален говор пред другите групи, а тие треба да го открријат зборот:<br>1. ГРУПА - РАДОСТ<br>2. ГРУПА - СМЕА<br>3. ГРУПА - ТАГА<br>4. ГРУПА - СТРАВ<br>5. ГРУПА - БОЛКА<br>6. ГРУПА - ЉУБОВ<br>Учениците се групираат во две групи- позитивна(радост, смеа, љубов) и негативна емоција(тага, страв, болка).<br>Се насочуваат меѓу групите да си поставуваат прашања со користење на прашални зборови :Кога? Како? Зошто? Колку? Каде? Што? Дали?<br>• Кога чувствуваш тага?<br>• Зошто се смееш?<br>• Што те плаши? ...<br>Учениците изведуваат заклучок дека емоциите се дел од нашето секојдневие и треба да знаеме како да справуваме со нив.<br>Главен дел – искуствено учење<br>Учениците следат изразно читање на текстот,, Радост и</td><td>Картички со зборови подготвени од наставник<br><br>Примерок од текстот за наставникот</td><td>Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања поврзани со содржината на текстот<br><br>Искажува свое мислење на дадена тема<br><br>Иискажува согласување/ несогласување за одреден исказ</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | смеа" од И. Радиќ<br>Одговараат на поставени прашања во врска со содржината:<br>• Кој се фалел дека е поважен и помил?<br>• Што предизвикало нивното фалење?<br>• Како ја разбирате реченицата,, Зарем може да се замисли радост која плаче или смеа која се лути?<br>• Што одлучиле да направат заедно смеата и радоста?<br>• Како се направило големото оро?<br>• Кој треба да се фати на тоа оро?<br>Учениците во парови добиваат реченици и се искажуваат за потцраните зборови со кои се искажува одредена емоција(избираат која е соодветна за исказот и објаснуваат зошто мислат така).<br>**Пр.** Мила ѝ кажа на својата сестра дека не ѝ е убав фустанот. Сестра ѝ се чувствуваше **среќно/тажно** кога го слушна тоа.<br>Бојан падна од велосипедот додека се возеше. Неговите другари му **се смееја/се натажија** кога го видоа.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците изведуваат заклучок дека позитивните емоции се многу важни за правилен развој и дека треба да изведуваат игри, активности и да разговатаат на теми кои кај нив предизвикуваат радост, смеа, среќа, почит, љубов, внимание и сл.<br>Се распоредуваат во просторот и се подготвуваат за ритмичка изведба на песната „ Штом си среќен"<br>**(Меѓупредметна интеграција** со музичко образование - Содржина: Музички игри (пеење, играње, танцување) – Стандард - Пее и се движи во соодветен ритам во музичките игри.<br>https://www.youtube.com/watch?v=XTBW_uC_p4A | Ленти со реченици подготвени од наставник<br><br>Компјутер<br><br>Видеобим<br><br>звучници | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | <br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

# РАДОСТ И СМЕА

Се фалеле еднаш Смеата и Радоста: се фалеле кој е поважен и помил.

Радоста рекла:

- Јас сум прва!

Смеата рекла:

- Јас сум прва!

Збор по збор, збор по збор, ќе се скарале, но тоа уште не го знаеле. Зарем може да се замисли радост која плаче или смеа која се лути?

А тогаш се договориле. Тргнале по светот. Оделе по ист пат, но едната од левата, а другата од десната страна. Гледале на која од нив повеќе ќе и ги подаваат рацете. Таа ќе биде најважна.

А кога таму – што се случило? Кој ќе и ја подадел едната рака на Радоста, другата ќе и ја подадел на смеата. И така, малку по малку, се направило големо оро, и кој еднаш ќе се најдел во тоа оро, тој лесно не ги пуштал рацете.

Фаќајте се и вие, деца, во тоа оро. Има уште многу места.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Литература , изразување и творење | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Усно и писмено изразување и творење | Раскажува по серија слики или илустрации | 173 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците извлекуваат по една картичка со слика (Предлог картички со слики -Составувај приказни со Дина и Додо од АРС Ламина). Секој ученик ја покажува сликата и се формираат групи според темата која е прикажана .<br><br><br>- Активности на плажа<br>- Прошетка во парк, шума<br>- Игра во двор и сл.<br>- Грижа за градината и сл.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците во група ги подредуваат сликите според хронолошки ред на настаните. Секое дете раскажува што гледа на својата слика и заедно ја составуват приказната од својата група. Се даваат насоки меѓусебно да си помагаат во раскажувањето на случките прикажани на сликата.<br>Секој ученик од групата писмено раскажува со неколку реченици што гледа на својата слика.<br>Доколку има потреба се даваат дополнителни насоки при работата.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Секоја група излегува пред таблата. Ги лепи сликичките по редослед и секој ученик од групата раскажува усно или им го чита писменото раскажување на другите групи. Се прави анализа на сите приказни по слики и се изведува | Сет картички со слика (Предлог картички со слики -Составувај приказни со Дина и Додо од АРС Ламина)<br><br>А4 лист<br><br>селотејп | Чек листа за следење:<br><br>Одговара на прашања поврзани со илустрации<br><br>Усно раскажува по серија слики<br><br>Писмено раскажува случка по дадена илустрација<br><br>Активно учество во работа во група |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | заклучок дека секоја слика содржи некоја случка . Но, со правилно подредување на сликите по редослед се добива целосна приказна.<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Учество во изведување заклучоци |



| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Литература , изразување и творење | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Усно и писмено изразување и творење | Креира нов почеток или поинаков крај на прочитан литературен текст. | 174 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се наредени во круг. Следат насоки за изведување на играта. Наставникот кажува еден збор, а учениците треба да искажат реченица за тој збор, но притоа да стават име на свое другарче во самата реченица.<br>Пр. **другар**- Мојот другар се вика ....<br>**игра** – Јас играм со....<br>**натпревар** – На натпреварот играв заедно со...<br>**парк**- Отидов во паркот со...<br>куче , велосипед, топка, домашна работа и сл.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците слушаат внимателно изразно читање на текст (предлог текст од Вежбанка за второ одделение од АРС Ламина „Магијата на другарството“ ).<br>Одговараат на прашања поврзани со содржината на текстот:<br>• Кој се подготвувал за на училиште?<br>• Каков ден посакувала Ена?<br>• Каде се упатила Ена?<br>• Чиј дом било гнездото на високото дрво?<br>• На чија врата затропала Ена?<br>• Кого забележала на прозорецот:<br>• Што си помислила Ена?<br>Учениците го читаат текстот по делови. При читање на последната реченица се насочуваат да размииcлуваат како би го продолжиле текстот. | Примерок од текст<br>„Магијата на другарството“<br><br>тетратка | Чек листа за следење:<br><br>Одговара на прашања поврзани со содржината на текстот<br><br>Составува поинаков крај на прочитан текст<br><br>Учество во изведување заклучоци |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *„Ова нема да биде убав ден“, рече натажено Ена и тргна на училиште. Поминаа неколку дена, а Ана не дојде на училиште...*<br>• Што мислите за однесувањето на Ана?<br>Секој ученик запишува 2-3 реченици во тетратката со кои го продолжува текстот и креира поинаков крај.<br>Учениците ги читаат своите реченици или усно се искажуваат како замислуваат да заврши текстот.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците се искажуваат за другарството преку исказите запишани на таблата:<br>✓ За мене другарство е....<br>✓ Не ми се допаѓа кога мојот другар/ другарка...<br>✓ Сакам да играм со...., затоа што...<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

# МАГИЈАТА НА ДРУГАРСТВОТО

Тоа утро сè беше исто како и сите претходни. Ена ги отвори сините очи и сонливо ги виде сончевите зраци, како срамежливо продираат низ прозорецот. Ги изми забите и брзо се подготви за на училиште.



„Денеска ќе биде убав ден, така мамо?“, ја праша Ена мајка си пред да ја отвори вратата.

„Секако, мила, и овој и секој следен ден ќе биде убав“, со насмевка ѝ одговори мајка ѝ. „Побрзај сега, Ана сигурно те чека да одите заедно на училиште.“

Набрзина ги обу чевлите и се упати кон задниот дел од нивната куќа. Чекореше брзо по тесната патека до малата вратичка, низ која се влегуваше во дворот на Ана. Ена беше сигурна дека двете куќички, едната бела, другата жолта, беа најубавите во тоа место. Меѓу нивните дворови, имаше високо дрво на чијшто врв се наоѓаше големо гнездо, дом на белите штркови. Нивните големи крилја ја најавуваа пролетта што за другарките значеше бескрајно долги игри во дворот.

Ена тропна неколкупати на вратата, очекувајќи ја нестрпливо Ана. Чекаше, но никој не отвори, па реши да оди на училиште за да не задоцни. Кога се оддалечи од куќата, се сврте и низ прозорецот ја виде Ана како ја гледа, но брзо се скри.

„Ова нема да биде убав ден“, рече натажено Ена и тргна на училиште. Поминаа неколку дена, а Ана не дојде на училиште...

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Медиумска писменост и медиумска култура | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Креирање медиумски пораки и содржини | Идентификува клучна порака во текстуални медиумски содржини напишани со букви со различна големина/дебелина и/или во различни бои.<br><br>Идентификува клучна порака во медиумски содржини со илустрации според големината, позицијата и бојата на прикажаните објекти | 175 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Неколку ученици од кутија влечат картичка на која е претставена слика или некој збор.<br>Откако ќе ги извлечат, се искажуваат што има на картичката и ги лепат на таблата.<br>При лепењето добиваат насоки самостојно да изберат каде би ја залепиле за да добијат интересен постер од зборови и слики.<br><br>Другите ученици добиваат насоки да размислат зошто некои зборови се напишани само со големи букви, а други со мали. Пр. ЗДРАВЈЕ- забава.<br>• Зошто се напишани со различна боја?<br>• Дали тоа има некакво значење за вас?<br>**Главен дел – искуствено учење** | Кутија<br><br>Картички со слики<br><br>Картички со зборови | Чек листа за следење:<br><br>Одговара на прашања поврзани со содржината на текстот<br><br>Открива клучна порака во текстуални медиумски содржини напишани со различна големина , дебелина и боја на буквите<br><br>Открива клучна порака во илустрации според |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците на видео бим набљудуваат постер и се искажуваат по дадени барања:<br><br><br>• Пронајди го насловот и прочитај го!<br>• Како го разбираш насловот?<br>• Дали сите зборови во насловот се напишани со иста боја?<br>• Дали сите реченици се напишани со иста големина?<br>• Опиши ги илустрациите на постерот?<br>• Што е преставено со зелена боја, а што со сина боја?<br>• Што прават децата на сликата?<br>Учениците се поделени во 3 групи.<br>Следат насоки за изработка на постер плакат<br>- Овошје и зеленук во исхраната<br>- Значењето на водата за живиот свет<br>- Движење со велосипед<br>Секоја група пребарува содржини и слики од стари детски списанија, учебници, летоци, флаери, слики подготвени од наставник кои можат да ги користат и сл.<br>Пронајдените слики и зборови ги сечат и прават избор кои од нив ке им бидат корисни при изработката на постерот.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците ја споделуваат својата замисла со наставникот и другите групи за тоа како сакаат да им изгледа постерот.<br>Следат насоки за подготовка на постерот за следниот час( можност да носат уште слики или други материјали за изработка на постер кој ке пренесува клучна порака на дадената тема) | Видео бим<br><br>Компјутер<br><br>слики од стари детски списанија, учебници, летоци, флаери, слики подготвени од наставник<br><br>ножици<br><br><br> | големината, позицијата и бојата на објектите<br>Учество во изведување заклучоци |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | <br><br> | |

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Наставно подрачје/тема – Медиумска писменост и медиумска култура</td></tr>
<tr><td>содржини и поими</td><td>стандарди за оценување</td><td>час и датум</td><td>Сценарио за час</td><td>средства</td><td>следење на напредокот</td></tr>
<tr><td>Креирање медиумски пораки и содржини</td><td>Идентификува клучна порака во текстуални медиумски содржини напишани со букви со различна големина/дебелина и/или во различни бои.<br><br>Идентификува клучна порака во медиумски содржини со илустрации според големината, позицијата и бојата на прикажаните објекти</td><td>176</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>Учениците се искажуваат за активноста од минатиот час. Секоја група ги презентиара сликите и зборовите кои ги подготвила за изработка на постер преку која ќе се прикажува медиумска порака преку текст и илусутрација.<br><br>Главен дел – искуствено учење<br>Учениците на блок број 5 или мал хамер го запишуваат насловот на постерот.Притоа самите избираат големина и боја на текстот според нивно размислување за важноста на пораката.<br>- Овошје и зеленук во исхраната<br>- Значењето на водата за живиот свет<br>- Движење со велосипед<br>Секоја член во групата подеднакво придонесува да се изработи плакатот со вметнување на соодветни зборови и кратки реченици кои даваат јасна порака поврзана со темата.<br>Завршни активности – изведување заклучок<br>Учениците ги презентираат изработените постери.<br>Се искажуваат зошто некои зборови им се напишани со различна големина, дебелина или боја. Ги прашуваат другите групи дали знаат што сакале да постигнат со тоа? Зошто така ги распоредиле илустрациите и каква порака пренесуваат со тоа ?<br>Рефлексија:</td><td>слики од стари детски списанија, учебници, летоци, флаери, слики подготвени од наставник<br><br>блок број 5<br><br>ножици<br><br>лепило<br><br>селотејп</td><td>Чек листа за следење:<br><br>Одговара на прашања поврзани со содржината на текстот<br><br>Открива клучна порака во текстуални медиумски содржини напишани со различна големина , дебелина и боја на буквите<br><br>Открива клучна порака во илустрации според</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | (Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | големината, позицијата и бојата на објектите<br><br>Активно учество во групни активности |

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставно подрачје/тема – Литература,изразување и творење | |

| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Анализа на литературни текстови (тема, настан, лик, време, место) | Одговара на прашања за прочитаниот литературен текст во врска со ликовите и/или содржината | 177 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Дискусија со учениците за крајот на учебната година и нивните планови на тема:<br>- Што ќе правите за време на летниот распуст?<br>Се запишуваат нивните искази на таблата.<br>**Пр.** Игра, одмор, возење велосипед, поседок кај баба и дедо, читање книги, спиење, тренинг и др.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се насочуваат на читање во себе на текстот „ Што прават децата во јуни“ стр. 148.<br>Се формираат групи од по 5 ученика. Секој ученик добива дел од текстот, треба внимателно да го прочита и да одговори на прашање.<br>Пр. ***Еве Петар што сака да прави во лето: Сака да оди на потокот. Ги соблекува чевлите и чорапите и гази низ водата, барајќи светли камчиња. Наоѓа црвени, зелени, кафени и жолти. „Тоа се убави камчиња“, раскажува Петар и ги чува во кутија.***<br>***Што сака да прави Петар?***<br>Петар:<br>Учениците ги пишуваат своите одговори, а потоа како група презентираат што прават Петар, Давид, Барбара, Михајло и Џуди во лето.<br>**Завршни активности – изведување заклучок** | Учебник<br><br>тетратка | Чек листа за следење:<br><br>Одговара на прашања поврзани со содржината на текстот со целосна реченица<br><br>Чита во себе со разбирање на прочитаниот текст<br><br>Активно учество во групни активности |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Наставникот поставува прашање, а учениците треба да се искажат за кое дете станува збор.<br>1. Кој сака да бара диви јаготки што се скриени во тревата?(Давид)<br>2. Кој најмногу сака да се качува по ритчиња и да бере цвеќиња?( Џуди)<br>3. Кој сака да скока во рибникот?(Михајло)<br>4. Кој ги соблекува чевлите и чорапите и гази низ водата?(Петар)<br>5. Кој се смее додека тревата и ги скокотка нозете?(Барбара)<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставно подрачје/тема – Литература, изразување и творење | | | | | |
| содржини и поими | стандарди за оценување | час и датум | Сценарио за час | средства | следење на напредокот |
| Усно и писмено изразување и творење | Раскажува на зададена тема или на тема по сопствен избор | 178 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците внимателно слушаат изразно читање на краток текст со затворени очи. Треба да замислуваат се што ќе слушнат при читањето.<br><br>Тукушто се појави Сонцето, илјада капки роса засветкаа како ситни зрна бисер.<br>Една птица се вивна в небо и со својата песна ја прекина утринската тишина.<br>Тивко нечујно ветре го лулее полето.<br>Под ладовина е стариот пејач - штурчо. Тој на својата виолина ќе ја засвири најчудесната песна.<br>Над полето летаат светулки. Звуците на штурчовата виолина се вткајуваат во ноќната тишина.<br>Евгенија Шуплинова<br>Одговараат на прашања поврзани со текстот:<br>• Каде замисливте дека се наоѓате во моментот додека се читаше текстот?<br>• Што ви се допадна таму?<br>• Каква песна свири штурецот на својата виолина?<br>• Како започнува, а како завршува овој летен ден?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се насочуваат да раскажат настан, случка на тема лето, по сопствена замисла.<br>Може да употребуваат лични имиња, а може да биде нешто по примерот на текстот кој го слушаа.<br>Учениците самостојно размислуваат за темата, забележуваат во своите тетратки 2-3 реченици кои ќе им | Учебник<br><br>тетратка | Чек листа за следење:<br><br>Одговара на прашања поврзани со содржината на текстот со целосна реченица<br><br>Усно раскажува на тема лето по дадени насоки |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | бидат насока во усното раскажување.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Усно раскажување од учениците на тема лето. Се даваат насоки за искажување со целосни реченици и правилен редослед на зборовите во реченицата.<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Наставно подрачје/тема – Литература, изразување и творење</td></tr>
<tr><td>содржини и поими</td><td>стандарди за оценување</td><td>час и датум</td><td>Сценарио за час</td><td>средства</td><td>следење на напредокот</td></tr>
<tr><td>Видови литературни текстови<br><br>(расказ, бајка, басна, драма, песна)</td><td>Наведува некои карактеристики на песна<br><br>(стих, строфа, рима).</td><td>179</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>На таблата наставникот запишува неколку зборови. Учениците треба да ги пронајдат зборовите кои се совпаѓаат по звучност.<br>пее- смее, цвет- свет, мила- сила, рони-ѕвони, мие-шие, мода- вода, грешно-смешно и сл.<br>• Во какви текстови најчесто сретнуваме вакви зборови? (Бајка, басна, расказ, драмски текст или песна).<br>Главен дел – искуствено учење<br>Учениците добиваат работен лист со песна „Летен ден“. Секој ученик ја чита песната во себе и треба да открие кои зборови недостигаат на крајот од стихот.<br>Се искажуваат од колку строфи и стихови е составена песната.<br><br>Денот летен долго<br>како река тече.<br>Жешко сонце жари<br>лебот наш го ______.<br>(пече)<br><br>Едно мравче ситно<br>влече житно зрно<br>се труди, го носи<br>не сака да _________<br>(проси)</td><td>Табла<br><br>Креда/маркер<br><br>Работен лист со песната „ Летен ден“ за секој ученик</td><td>Чек листа за следење:<br><br>Одговара на прашања поврзани со содржината на песната<br><br>Определува поестки слики во песна<br><br>Открива стофа и стих во песна<br><br>Определува рима во стиховите</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | <table><tr><td>Штурчо скриен чека<br>жега да се **смири,**<br>па на сончев залез<br>да почне да ________.<br>(свири)</td><td>Се испотил песот-<br>во сенка се **лади,**<br>и летово нема<br>куќа да си ________.<br>(гради)</td></tr></table><br>Се чита првата строфа, се анализра поетската слика и се насочуваат учениците да откријат кој збор недостига во стихот,(се римува со зборот напишан со задебелени букви)<br>Читање на песната со откривање на римуваните зборови тече-пече, носи-проси, смири-свири, лади-гради<br>Учениците во парови ја читаат песната (по 2 строфи).<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците во работниот лист ја препишуваат песната со ракописни букви. (во прилог)<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Наставно подрачје/тема – Слушање и зборување</td></tr>
<tr><td>содржини и поими</td><td>стандарди за оценување</td><td>час и датум</td><td>Сценарио за час</td><td>средства</td><td>следење на напредокот</td></tr>
<tr><td>Водење разговор (тема на разговор, разговор, дијалог, говорник, соговорник)</td><td>Започнува разговор на дадена тема (кажува што мисли и/или поставува прашање).<br><br>Се вклучува во започнат разговор со еден или повеќе соговорници</td><td>180</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>На таблата е истакнат постер или е нацртана ѕвезда. На нејзините краци учениците треба да запишат зборови кои се однесуваат на нивната желба каде сакаат да летуваат за распустот и зошто. Пример:<br><br><br>Секој ученик се искажува со една реченица зошто сака на избраното место да летува.<br>Главен дел – искуствено учење<br>Учениците во парови добиваат насоки да си поставуваат прашања поврзани со темата од ѕвездата.<br>• Со кого ќе одиш на одмор на море?<br>• Каде ќе бидете сместени?<br>• Колку дена ќе бидите таму?...<br>Еден ученик поставува прашања, а другиот одговара, а потоа ги менуваат улогите.<br>Учениците споделуваат со другите ученици што дознале</td><td>Табла<br><br>Креда/маркер</td><td>Чек листа за следење:<br><br>Поставува прашања и дава одговори на поставено прашање со целосна реченица</td></tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | за своето другарче од паротː Каде ќе летува? Со кого? Зошто таму сака да летува? и сл. Со самото искажување се проверуваат ученииците какви прашања му поставиле на другарчето и колку внимателно ги слушале нивните одговори.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците следат насоки од наставник како квалитетно да го поминат летниот распуст во игра, другарување со другарчиња но и со книгата.<br>Запишуваат наслови на книги кои се предлог лектири за следната година за читање.<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат , но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk